Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МИКРОБИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип донесе Одлука број 2502-66/5 од 2.6.2010 год. за распишување на Конкурс за избор на еден ***асистент (специјалист)*** на Факултетот за медицински науки за научната област ***микробиологија***. На 8.7.2010 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-81/4 и Решение број 2502-81/14 (претседател), 2502-81/15 (член), 2502-81/16 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент (специјалист) за научната област *микробиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

1. д-р Милена Петровска, ред. професор, Институт за микробиологија, Медицински факултет - Скопје, претседател;
2. д-р Ицко Ѓоргоски, ред. професор, Природно-математичкиот факултет - Скопје, член;
3. д-р Татјана Рушковска, насловен доцент, Централната клиничка лабораторија, Воена болница - Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 22.6.2010 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 22.6.2010 година, за избор на *асистент (специјалист) по микробиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се пријавија тројца кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Туфекчиевска-Ѓуроска** е родена на 12 март 1958 година. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во 1986 година. Од 1989 до 2005 година работи како лекар по општа пракса во ЈЗУ „Здравствен дом” – Скопје. Во 2005 година завршува специјализација по микробиологија и паразитологија на Институтот за микробиологија и паразитологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Од 2005 до 2007 година работи како микробиолог и паразитолог во ПЗУ„Адриалаб“ - Скопје. Од 2007 година работи како клинички микробиолог ПЗУ„Филип Втори“ - Скопје.

Активно учествува на конгреси во земјава и во странство, како и на бројни стручни доквалификации, меѓу кои едукативен престој во Приватната микробиолошка лабораторија „Лаборцентар“ во Загреб, едукативен престој во КБЦ „Ребро“ во Загреб, учество на интернационален симпозиум за сепси во Париз (Франција) во 2007 година, во Гранада (Шпанија) во 2008 година итн. Активно учествува во меѓународни здруженија за превенција и евиденција на интрахоспитални инфекции.

**Трудови**

1. Mitrev Z.,Rosenthal V.,Anguseva T., Ampova V., Tufekcievska Guroska S. Device Associated Infection Rates, Extra Length of Stay and Mortality in a Hospital of Macedonia. Findings of the International Nosokomial Infection Control Consortium (INICC), 2008.
2. Zan Mitrev, Victor Rosenthal, Tanja Anguseva, Vilma Ampova, Snezana Tufekcievska Guroska. Impact of Autcome and Process Surveillance on Ventilator Associated Pneumonia Rates in 1 ICU from Macedonia: Findings of the International Nosokomial Infection Control Consortium (INICC), (2009).
3. Туфекчиевска Ѓуроска Снежана. (2004). Задолжителни имунизации во Република Македонија и во светот. Семинарски труд. Катедра за микробиологија и паразитологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
4. Спировска Снежана, Трајковска Докиќ Е., Туфекчиевска Ѓуроска С.(2008). Имуниот статус за HBV кај здравствен персонал.Секција на микробиолози на Македонија.
5. Spirovska S., Tufekchievska Gjuroska S., Grdanovska T., Kirkovska M., Veljanovska L., Vasilevski I. (2008). The risk of HIV, HCV and HBV for the patients and the medical team. 8. Congress of Croatian microbiologists with international participation.
6. Спировска С, Грдановска Т., Туфекчиевска Ѓуроска С..(2009). *Chlamydia trachomatis* во моето опкружување. Секција на микробиолози на Македонија.
7. Спировска С., Туфекчиевска Ѓуроска С., Трајковска Р.(2007). Идеално решение во дијагностиката на респираторни алергиски заболувања – RIDA Allergy Screen Test. Конгрес на општи лекари на Македонија.
8. Спировска С., Туфекчиевска Ѓуроска С., Кирковска М., Исмаилова С., Трајковска Р., Војновска З. (2006). Што знае нашата младина за туберкулозата. Македонски медицински преглед. Зборник на резимеа. Конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество. Стр. 147.
9. Туфекчиевска Ѓуроска С.(2008). Во светот на микроорганизмите. Здравствен код, бр.4, год. 1.
10. Туфекчиевска Ѓуроска С.(2009). Разумна употреба на антибиотици. Здравствен код, бр.5, год. 2.
11. Туфекчиевска Ѓуроска С. (2009). Човекот и микроорганизмите. Здравствен код, бр. 6, год. 2.
12. Туфекчиевска Ѓуроска С. (2009). Историја на антимикробните лекови. Здравствен код, бр. 7, год. 2, стр. 14-15.
13. Туфекчиевска Ѓуроска С. (2010). Историја на болниците и болничките инфекции. Здравствен код, бр. 8, год. 3, стр. 15-16.
14. Spirovska S., Tufekcievska Gjuroska S., Shakiri Dj., Despotoski K., Cekovska Z., Vasilevski I., Lazarevska L., Talev S., Kuzmanovski D.(2010). Microbiological monitoring of medical staff. 7. Congress of Serbian microbiologists with international participation.
15. Mitrev Z.,Rosenthal V.,Anguseva T., Ampova V., Tufekcievska Guroska S. Device Associated Infection Rates, Extra Length of Stay, Extra Mortality, Microorganism Profile, and Bacterial Resistance in an ICU of Macedonia: Findings of the International Nosocomial Infection Control Consortium (INICC). Fifth Decennial International Conference on Helthcare-Associated Infektions 2010 in Atlanta.

**Презентации – Лекарска комора**

1. Насоки за примена на антимикробна терапија според микробиолошки стандарди – 2008 г.
2. Насоки за примена на антимикробна терапија според микробиолошки стандарди – 2009 г.
3. Респираторни инфекции – 2009 г.

**Други презентации и истражувања**

1. Исхрана кај доенчиња и трудници
2. Здрава исхрана
3. Телесни деформитети, неправилно држење на телото и рамни стапала кај деца од предучилишна возраст
4. Стекнати срцеви шумови кај деца во предучилишни установи
5. Лековити билки од нашето поднебје и нивна примена во практика
6. Витамин Б во исхраната (Парбојлиран ориз)
7. Бактериско оптоварување во болничка средина
8. Во светот на микроорганизмите (стерилизација и дезинфекција)
9. Контрола на болнички инфекции со мерки на изолација
10. Антибиотици (микробиолошки аспекти)

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Мартин Ивановски** е роден 31 август 1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Медицински факултет завршува на 4 февруари 2009 година во Скопје. Моментално работи како надворешен соработник во Центарот за истражување и креирање политики во Скопје. Не ги исполнува условите предвидени во Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Александра Тодоровска** е родена на 4 ноември 1982 година во Штип. Дипломира на Природно-математичкиот факултет во Скопје и се здобива со диплома *дипломиран инженер по биологија*. Кандидатката не ги исполнува основните услови од Конкурсот во кој се бара асистент (доктор специјалист) за научната област микробиологија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Снежана Туфекчиевска-Ѓуроска ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент (специјалист) за научната област *микробиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатите д-р Мартин Ивановски и Александра Тодорова не ги исполнуваат основните услови предвидени во Конкурсот.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Снежана Туфекчиевска-Ѓуроска да ја избере за асистент (специјалист) за научната област *микробиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милена Петровска, претседател, с.р.**
**Д-р Ицко Горгоски, член, с.р.**
**Д-р Татјана Рушковска, член, с.р.**

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на д-р Снежана Туфекчиевска Ѓуроска**

| Вид на активност | Број | Поени | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| 1. Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир во Македонија | 11 | 2 | 22 |
| 2. Учество на стручен собир со постер презентација | 12 | 0,5 | 6 |
| **Вкупно** | | | **28** |